За да ја пополните апликацијата за тутори потребно е да пристапите на апликацијата www.konkursi.mon.gov.mk и да се регистрирате на системот.




Регистрацијата на системот се извршува преку Националниот портал за е-Услуги (во потнатамошниот текст „Портал“.



## ЛИНК ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

**Начин на регистрација на Порталот со eID на ниско ниво (за физички лица кои се веќе регистрирани или потребно е да се регистрираат во УЈП)**

За регистрација на основно ниво доволно е корисникот да се регистрира со корисничко име и лозинка (username - mail, password), без физички да се идентификува.

При регистрација на системот, на Вашата маил адреса ќе добиете линк за активација на Вашиот профил. Откако ќе го активирате профилот потребно е да се најавите со корисничкото име и лозинка. Со најава на системот на е-Услуги автоматски ќе бидете префрлени на апликацијата www.konkursi.mon.gov.mk, доволно е само да ја обновите страницата (refresh) за да може да аплицирате за учество во програма за туторство.




1. **За корисниците кои се регистрирани во базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи**

Корисниците кои се регистрирани во базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи можат да се регистрираат на Порталот со употреба на истото корисничко име и лозинка со кои се регистрирани во УЈП.

Проверката во базата на даночни обврзници-физички лица се врши само ако корисникот одобри користење на неговите лични податоци содржани во базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи.

По потврдувањето на идентитетот на корисникот на овој начин, лицето добива автоматски генерирана потврда во електронска форма. По извршената проверка на идентитетот на корисникот, за истиот се создава кориснички профил на Порталот.

Откако ќе го активирате профилот потребно е да се најавите со корисничкото име и лозинка. Со најава на системот на е- Услуги автоматски ќе бидете префрлени на апликацијата

[www.konkursi.mon.gov.mk](http://www.konkursi.mon.gov.mk), доволно е само да ја обновите страницата (refresh) за да можете да аплицирате за учество во програма за туторство, апликација се наоѓа во менито **ТУТОРИ.**




2. **За корисниците кои не се регистрирани во базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи**

Корисниците потребно е да се регистрираат во базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи. Регистрацијата се врши на следниот начин:

- Се пополнува образецот на барањето за регистрација на нов корисник, достапен на следниот линк: [https://e-pdd.ujp.gov.mk/ppf/register.seam](https://e-pdd.ujp.gov.mk/ppf/register.seam)
- Пополнетото барање за регистрација ќе биде доставено на електронската адреса наведена во самиот образец, по што истото ќе треба да се испечати и да се поднесе во даночна канцеларија на УЈП, лично или преку полномошник.
- По доставата на барањето во даночната канцеларија на УЈП, Управата го евидентира младото лице во базата на даночни обврзници-физички лица.

Откако корисникот ќе го заврши процесот на регистрација во УЈП на овој начин, може да креира свој кориснички профил на Порталот со употреба на истото корисничко име и лозинка со кои е регистриран во УЈП.

По активирање на профилот, потребно е да се најавите со корисничкото име и лозинка.  Со најава на системот на е- Услуги автоматски ќе бидете префрлени на апликацијата www.konkursi.mon.gov.mk, доволно е само да ја обновите страницата (refresh) за да може да пристапите до менито **ТУТОРИ** и да аплицирате за учество во програма за туторство.

На почетната страница на порталот konkursi.mon.gov.mk  во менито **ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ** се прикачени пријавите кои може да ги симнете, пополните и прикачите со Вашата апликација.

